# MACEDONIA Македонија NEWSPAPER

December 04, 2023 ■ Volume 41, Issue 2 (462) ■ Free www.macedonianewspaper.com




Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на "Македонија" излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на "Македонија" е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
***<u>Соња Лозановска</u>***
***главен и одговорен уредник.***

***Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска***

<u>Our address:</u>
**Macedonia**
**1840 Bloor Street,**
**Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
<u>*Tel.* :416-827-0954</u>
macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада.
## Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.

**Почитувани читатели,**

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

## <u>Голема благодарност до нашите соработници:</u>

***<u>Танас Јовановски</u>***
<u>- поранешен уредник на весникот ,,Македонија", колумнист</u>
***Протаставрофор Илија Донев -*** *соработник за верата*
***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Зоран Андоновски*** – соработник
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми"(Постхумно, архивирани необјавени материјали)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник
***Боне Темелков -*** *СМК-Канада*

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*
***Славе Катин -*** *соработник публицист*
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***
***Каролина Ристеска- ,,Направи сам,,***

## <u>,,MACEDONIA,, AVAILABLE AT THESE LOCATIONS</u>

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue Toronto, ON M4K 3V2 East York

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

**Phone: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
<u>Macedonia</u>
1840 Bloor st. Suite 711
Mississauga, On.
L4X 1T2 Canada




# UPCOMING ST. CLEMENT OF OHRID MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH EVENTS



- **ST. CLEMENT PATRON BANQUET**

Join us on Saturday December 9th, 2023 for our Patron Banquet – St. Clement
Evening Vespers begin at 5:00PM
Banquet at 6:30PM
Cost: $50 for adults – Children's Meal $20
To Reserve tickets or a table to this event, please call St. Clements at 416-421-7451.
Please pay for your tables ahead of the event as seating is limited.

- **ST. CLEMENT OF OHRID YOUTH SEMINAR ON FRIDAY DECEMBER 15TH**

Join us to discuss the topic of Christ and the Young Person in Today's World.

Kid's Winter Wonderland Party & Sv. Nikola lunch on Sunday December 17th,

Join us for a fun filled afternoon of activities for the kids and special appearances.
Children will enjoy a pancake breakfast.
Adults are welcome as well, the ladies auxiliary will be serving a lunch.
Please bring an unwrapped toy for our annual toy drive.
Call the church office to reserve a spot for your child.

- **ST. CLEMENT & MYNET CHRISTMAS TOY DRIVE FROM NOW UNTIL MONDAY DECEMBER 18TH. PLEASE BRING AN UNWRAPPED TOY TO THE DROP BOX AT ST. CLEMENT OF OHRID.**

## СООПШТЕНИЕ

Почитувани парохијани, поканети сте на годишната "Климентова Вечер"!
Вечерна Богослужба во 17:30. Банкетот почнува во 18:30.
Билети $50 / $20 за деца
Музика од Соња, Оливер и Стив.
За резервирање маси и купување билети, јавете се на 416-421-7451
или испратете е-маил
на info@stclementofohrid.com.

## NEW YEAR'S EVE GALA

Please join us for a fun night of music and dancing as we ring in the New Year!
On: Sunday, December 31st doors open at 7:00

Music by: Balkan Entertainment featuring Elena Jovceska
6 course meal including Prime Rib,
a Midnight Buffet and an open Premium Bar
Cost: Adults $120 dollars; Children (under 12) $30; Youth (13-18) $80;
To Reserve tickets or a table to this event,
please call St. Clements at 416-421-7451.

## JANUARY 5 KOLEDA

The Ladies Auxiliary will prepare candy, mixed nuts as treats and mekici
Children's Christmas Party on January 7

**Old New Year's On Jan 14th for zelnik with gold coin..**



# ИНТЕРВЈУ СО ОТЕЦ САШО ЦЕЛЕСКИ, ПАРОХИСКИ СВЕШТЕНИК ВО МПЦ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ТОРОНТО

## *ДОКОЛКУ НЕ САКАМЕ ДА СЕ ИЗГУБИМЕ, А И ДА ИЗГУБИМЕ СЕ' ШТО НИ ОСТАВИЛЕ НАШИТЕ ПРЕДЦИ, МОРА ДА ПОЧНЕМЕ ДА СЕ САКАМЕ ЕДЕН СО ДРУГ*









**МК:** Почитуван отец, ви благодариме пред се' на оддвоеното време за разговор пред крајот на оваа година, а по повод прославата на патрониот ден на нашата катедрална црква Свети Климент Охридски во Торонто.

-На почеток, како сте? Нека е честит патрониот празник и за многу години.

**С.Ц:** Почитувана г-ѓа Соња Лозановска, главен и одговорен уредник на нашето гласило „Македонија“, пред се', Ви се заблагодарувам, не само за отстапеното место во овомесечното издание, туку, и за вашата неуморна работа да го информирате нашиот македонски православен народ за постојаните збиднувања во нашата Македонска Заедница во Канада, особено за збиднувањата во нашите Македонски православни цркви.

Сполај Му на Господа, по Неговиот благослов и по застапништвото на светите македонски и охридски чудотворци, светите Климент и Наум, сите сме добро.

**МК:** Ве молам за нашите читатели кажете ни' за значењето на Свети Климента чија што мисија сите ние како македонски православни христијани ја продолжуваме и ден денес...

**С.Ц:** Како роден Охриѓанец, како некој што доаѓа од градот на светите Климент и Наум Охридски чудотворци, не можам а да не зборувам со особен пиетет кон нашиот Првоначалник. Светиот Климент Архиепископот Охридски и Чудотворец, го прославуваме и славиме како првопросветител на нашата земја, како светилник на македонскиот народ, како светило на Македонија, како родоначалник на македонското училиште, на македонската просвета и на македонската култура. Најдаровитиот, најбогопремудриот и најделувачкиот помеѓу учениците на светите рамноапостоли Кирил и Методиј, св. Климент беше верниот стражар неуморниот распространувач на нивните свештени завети. Како македонски првоапостол се бореше против паганизмот, против незнаењето, суеверието, против многубожечката измама и гревовниот мрак. Расчистувајќи ја македонската духовна целост од плевелот, боговдахновено го сееше семето на божествената вистина како учител и устројувач на верата Христова. Како красноречив проповедник ги обиколувал градовите и селата разнесувајќи ја духовната светлина на Евангелието, посочувајќи ги примерите на хероите на Црквата, на нејзините светии. Со својата вдахновена литургиска служба, со проникливите поучни зборови, со своите горливи молитви, со своите слатки црковни пеења, со прекрасните храмови и манастири подигнати и уредени од него, масовно го привлекуваше народот во храмот Божји, каде што го засени и ги озарил со зраци, вечната вистина на христијанската вера и со убавината на црковната уметност. Свети Климент е и првиот просветител со својата книга - со своите кратки општи зборови, преку кои се издигнал да стане за македонското и словенското семејство „Нов Павле“. Ние го славиме и величаме свети Климент, понатаму, како духовен обединител и духовник на македонскиот народ. Продолжувајќи со исповедна ревност делото на своите учители св. Кирил и Методиј ги постави темелите и цврстите темели и на духовното и националното единство на македонскиот народ и на неговата национална индивидуалност. Св. Климент со пророчко-месијанска ревност го сакаше својот македонски народ и со редок увид се стремеше да го издигне до единството. Со својата пастирска и просветна дејност, како вистински „божји воин“ на македонската почва, во тоа решавачко историско време за самостојно постоење и развој на македонскиот народ, загрозен во овој духовно и политички од исток и запад, свети Климент ги постави непоколебливите основи за македонското национално свештенство и училиште, македонскиот литургиски јазик и македонската национална литература, а со сето ова: македонската духовна култура.

Гледаме дека и во денешни дни, не се разликуваме многу од времето кога делуваше и твореше светиот Климент, но, денеска го имаме неговиот светол пример, како да ги победиме несогласувањата, разнебитувањата а и лажните „пророци“, дали биле тоа „учители“ или, пак, „раководители“. Секое време со својот крст.

**МК:**
Како парохиски свештеник во црквата Свети Климент Охридски во Торонто целосно сте посветен на црковното живеење и од петни сили се залагате за информирање и вклучување на парохијаните во низа активности. Кои настани според вас, предизвикаа особен интерес кај верниците?

**С.Ц:** Ви благодарам на убавите зборови, но не сум само јас и не сме само овде, туку, сите ние кои сме го посветиле животот на Господа и на нашиот Македонски православен народ, го правиме истото. А целта на сите нас е истата, спасение на народот којшто ни е поверен од страна на Христа Господа, преку нашиот надлежен епископ, Митрополитот Методиј.

Секоја наша средба, секое наше видување и секоја наша активност има само една цел, а тоа е светата Литургија. Најдобрата веронаука, најдоброто дружење, најдобриот личносен однос се остварува на таа трпеза на љубовта, на тоа благодарствено збиднување, на литургијата. А нам, тоа литургиско живеење и тоа литургиско служење, на Бога и на луѓето, ни трае постојано, од зори до мрак преку целата година, бидејќи да се биде свештеник, не е професија, но, тоа е живот. Постојано себедавање на Бога и на нашите ближни.

Според зборовите на св. ап. Павле : „Јас не бев должен да им се покорувам на луѓето, бидејќи од нив не добивав плата, но сепак им станав слуга на сите за да ги доведам кај Христос. Кога сум со луѓе што не го признаваат Мојсеевиот Закон, го оставам Законот настрана, та и нив да ги доведам кај Христос. Се разбира, јас не живеам без закон, зашто го почитувам Божјиот Закон, односно, се раководам од Христовиот закон. Кога сум со сиромаси и јас живеам како нив, па и нив да ги доведам кај Христос. Кон сите се сообразив, сите начини ги применив за да спасам некои од нив.“ (1 Кор 9, 19-22).

Така и ние свештениците. Се'што правиме, правиме како би Го доближиле Христос до секој човек. Затоа, секој час по веронаука, секое заедничко дарување крв, секое испиено кафе, секој изгледан филм, секоја ислушана музика, секое возење велосипед, играње кошарка или фудбал, има само една цел, да ги донесеме тие луѓе во црква и самите на себе да си дадат можност да Го видат и вкусат Господа.

**МК:** Фамилијарниот ден започна по вашето доаѓање во Канада за парохиски свештеник во црквата Свети Климент Охридски. Денеска тоа е ден во месецот кој со нетрпение е очекуван од страна на верниците. Зошто е толку посебен овој ден?

**С.Ц:** Свештеникот е оној кој е постојано меѓу своите луѓе. Како таков, тој ја гледа потребата на своите луѓе. На жалост, мнозумина наши Македонци го заборавиле својот мајчин македонски јазик а, свештеничката цел е да го поучи своето паство на словото Божјо, на Евангелието Христово. Бесполезно би било моето беседење доколку никој не ме разбира, а и постојано би го добивале истиот одговор од нашите млади генерации: Зошто да одам во црква, кога ништо не разбирам? Поради почит кон своите баби и дедовци, младите би дошле чисто од традиционални побуди само на Велигден и на Божик. Затоа, од септември 2019 година, почнавме да го организираме нашиот Фамилијарен ден со литургија целосно на англиски јазик. Како што веќе добро знаат повеќето наши луѓе, тоа се случува секоја последна недела во месецот. Според луѓето што доаѓаат на литургија, секоја последна недела е нашиот Велигден, Воскресението на нашата црква. Добро се сеќавам на првиот Фамилијарен ден а и на првите реченици од беседата: Уште е топло да биде Божик, а многу е рано за Велигден. Тоа беше изговорено поради преполната црква, чијшто број постојано се зголемува на секој Фамилијарен ден. А зошто тој ден е посебен? Бидејќи луѓето разбираат што се случува на светата литургија, а тоа е најдобрата беседа.

**МК:**Отец Целески слободно можеме да кажеме дека вие низ вашата работа градите мост за зближување на генерациите, за сплотување на верниците од сите делови на Македонија, а особено оние кои се втора и трета генерација Македонци родени на овие простори. Зошто е толку важно за нас како Македонци денес, но и за нашите идни генерации да сме едно и заедно во црквата?

**С.Ц:** Црквата е онаа којашто гради мостови и која не' зачувала обединети. Но, не не'зачувала поради некои политички причини, Црквата не' зачува обединети поради љубовта, бидејќи Самиот Возглавител на Црквата е Љубов, а тоа е Самиот Христос Бог. „Сакајте се еден со друг! Како што Јас ве засакав, така и вие да се сакате еден со друг. Ако се сакате еден со друг, луѓето ќе знаат дека сте Мои ученици.“ (Јн 13, 34-35). Доколку се сакаме еден со друг, ќе си ја сакаме и Црквата, ќе си ја сакаме и Татковината, ќе Го сакаме и Господа. А човек што се сака еден со друг, постојано се пази еден со друг, секогаш во име на љубовта. Доколку не сакаме да се изгубиме, а и да изгубиме се' што ни оставиле нашите предци, мора да почнеме да се сакаме еден со друг, а тоа го слушаме на секоја света литургија: „Да се сакаме еден со друг та во единомислие да исповедаме“.

**МК:**Како духовен водач во црквата Свети Климент, (заедно со отец Александар Тодоровски), задоволни ли сте од посетата на верниците на неделните богослужби во црквата, особено од страна на помладите генерации?

**С.Ц:** Никогаш не треба да бидеме задоволни со постигнатото, бидејќи така би застанале и се'што сме створиле брзо ќе се уништи. Таа летва, тоа мерило на успехот треба постојано да го подигнуваме, како постојано би се движеле кон повисоки идеали. Нашиот идеал не се бројките, нашиот идеал е само еден, а тоа е Царството небесно.

Не би сакал да навлегувам во процентуални дискусии колку млади луѓе имаме на литургија но, само би одговорил, доколку некој сака да го види тој сооднос, не само на Фамилијарниот ден туку и секоја недела, повелете и посетете не'.

**МК:** И за крај на нашето интервју, отец Целески која ќе биде вашата порака до читателите на весникот ,,Македонија,,?

**С.Ц:** Драги браќа и сестри, најважно од сите работи е да постанеме добри луѓе, а добар човек е оној кој има љубов кон својата фамилија, кон другарите и пријателите, но и кон сите луѓе. Тоа значи дека љубовта е најважна. Единствен услов еден човек да биде среќен е да има љубов во своето срце. Да го негуваме другарството и заедништвото. Да Му се молиме на Бога едни за други, да Му бидеме ближни на нашиот Бог. Така ќе бидеме ближни едни кон други, кон нашите родители, кон нашите браќа и сестри, ќе имаме љубов не само за оние што не' сакаат, туку и за оние коишто не'мразат.

Господ да ве благослови и лесни и богоугодни божикни пости.

# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто





**Пишува и уредува Снежана Тешовиќ учителка во недленото училиште во Свети Климент Охридски, Торонто**

## Почитувани читатели!

И овој месец учевме вредно и упорно. Сега подобро читаме и пишуваме со најмалите.Во тоа ни помагаат и интерпункциските знаци кои бараат од нас да ги почитуваме,а ние го правиме тоа. Знаеме дека Македонската азбука се вика Кирилица.Има 31 глас и исто толку букви. Во овој месец ги изучивме буквите Сс, Тт, Оо, Вв, Дд, Пп. Од изучените букви можеме да составиме збор а од дадените зборови - реченица. Исто така пишуваме зборови според слики. Научивме дека речениците се разликуваат според целта. Раскажни реченици - со нив кажуваме што чувствуваме и што се случува околу нас.На крајот ставаме точка. Прашални реченичи - со нив поставуваме прашања и на крајот пишуваме прашалник? Извични реченици - со нив ги искажуваме нашите чувства и на крајот пишуваме извичник! Се потсетивме дека сопствените именки означуваат име на определено лице, суштество,река, град,село,планина, држава и се пишуваат со голема почетна буква. Го обработивме текстот "Последниот лист" и разговаравме за истиот. Какво е времето во доцна есен? Како ние се облекуваме? Обработка на четивото "Каде се моите нешта" И разговор како се подготвуваме за на училиште а воедно и како ни поминува денот.

### Се' за мене

Јас се викам Изабела Петровска. Имам 7 години, и сум второ одделение. Јас живеам во Торонто, со моите родители и моето братче Матео. Матео има 21 месец. Наутро станувам во 8 часот и се спремам за на училиште. Се мијам, се облекувам и јадам појадок заедно со Матео. Потоа мама заедно со Матео ме носи на училиште. Јас многу сакам да одам на училиште затоа што учам нови работи. Омилени предмети ми се англиски и математика. После школо едвај чекам да дојдам дома и да го видам моето братче. Заедно се играме, а Матео многу сака кога му читам приказни и кога се играме со пластелин. Покрај тоа одам и на други активности после школо. Учам да свирам виолина, одам на часови по пеење, пливање, уметност, играорна. Секоја недела одам и во неделното училиште Св. Климент Охридски. Таму учиме македонски јазик и се играме со моите другарчиња. Понекогаш за викенд одам кај мојата најдобра другарка Марија во Њумаркет. Јас и Марија сме другарки од бебиња и таа ми е како сестра. Кога сме заедно играме разни игри, пееме и цртаме.

Пополека но сигурно се приближуваме кон крајот на оваа година.Месец исполнет со најразлични подготовки за испраќање на оваа и дочек на новата 2024 година. По тој повод управата при Македонската православна црква организираше Божиќен концерт по повод Новогодишните и Божиќните празници. На концертот настапија " North Metro chorus" "East York concert band" како и учениците од Неделното училиште. Прекрасно беше чувството да се слушнат нашите распеани славејчиња кои се претставија со следниве песни: Вечниот Бог, Божиќна песна,Песна за Дедо мраз, Jingle bells, We wish you a Merry Christmas. Би сакала да искажам голема благодарност до отец Александар Тодоровски за неговата огромна помош и поддршка при подготвувањето и вежбање на песните. Продолжуваме со нови сили понатаму а желни за нови знаења и нови успеси.












VAC DEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

# Bill Hristovski




## Join the VAC Dev Team!

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## VAC Developments Ltd careers

*Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Planner Production - Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Manual Machinist*
Oakville, ON • Full-time

*Estimator Machining/Fabrication Shop*
Oakville, ON • Full-time

*Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Deburrer Grinding Technician - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Day Shift*
Oakville, ON • Full-time

*CNC Machinist - Afternoon Shift*
Oakville, ON • Full-time

*Assembler Part Markers -Aerospace*
Oakville, ON • Full-time






# ДРУШТВОТО,,МАЛА ПРЕСПА,, ОД ТОРОНТО, КАНАДА СВЕЧЕНО ГО ПРОСЛАВИ ПРАЗНИКОТ СВЕТИ АРХАНГЕЛ МИХАИЛ





Македонското друштво ,,Мала Преспа, од Торонто, Канада на 25-ти ноември 2023 година одржа величествен свечен банкет во прекрасната сала на ,,Оквил Легаси,, во градот Оквил, Онтарио.

На истиот присуствуваа неколку стотини Македонци со потекло од областа ,,Мала Преспа,, која денес се наоѓа во Република Албанија, а се населени со чистокрвно македонско население. Прославата е по повод и во чест на празникот, заштитникот Св. Архангел Михаил. Банкетот по традиција предизвика интерес кај многумина пријатели и почитувачи на друштвото од сите делови на пошироката област на Торонто, а можевме да забележиме и Малопреспани кои што живеат надвор од Канада, а кои допатуваа заедно со своите браќа и сестри да го овековечат овој настан.Како и секоја година свеченоста отпочна со настапот на Фолклорниот ансамбл ,,Илинден,, од Македонската православна Црква Св. Илија од Мисисага раководен од претседателот Ненад Попоски и кореографката Орхидеа Димова Радевска. Настапија малата и големата група со сплетови на фолклорни ора и песни од повеќе делови на нашата убава Македонија.



По благословената вечера од страна на отец Благој Пенев од Македондската Православна Црква Свети Илија во Мисисага отпочна и забавниот дел во кој што претседателот на друштвото ,,Мала Преспа,, Босилко Аговски со својата сопруга Донка го поведе првото свечено, празнично оро. На звуците на оркестарот ,,Балкан Ентертејнмент,, едногласно се пееше ,,Свети Архангел сите славиме,, и многу други прекрасни песни кои придонесоа расположението да расте и развива до доцна во ноќта.

На банкетот повеќемина донатори подарија награди за вредната лотарија која ја водеше шармантната Малопреспанка Мери Аговска Терпо.. Беа извлечени парични и други вредни награди подарени од членови на друштвото и повеќемина други пријатели на ,,Мала Преспа,,.


















ST NEDELA MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
ADDRESS: 485 BAYLY ST W, AJAX, ON L1S 6M7
PHONE: (905) 426-5355


ADULTS $100
KIDS $40
ST. NEDELA MOC, AJAX
IS ORGANIING
NEW YEAR'S EVE
PARTY
FOR RESERVATIONS CALL:905-426-5355
2024
CASH BAR
31 DEC
8 PM
DINNER, DRINKS AND LIVE MUSIC
ICE, TASE & SMILJA
485 BAYLY ST. W. AJAX, ON LIS6M7

# ПРЕДНОВОГОДИШЕН ПОДАРОК ЗА ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА 20. 000 КАНАДСКИ ДОЛАРИ, ДОНАЦИЈА ОД СЕМЕЈСТВОТО ИВАНОВСКИ



Македонската православна црква Света Недела од Ејџекс во претпоследниот месец од годинава имаше низа активности кои го одбележаа и збогатија животот во оваа добро организирана македонска заедница.

Претседателот Славе Бунтески во разговор за весникот ,,Македонија,, изјави дека одличниот тим во црквата Света Недела работи на многу новости кои од ден на ден стануваат реалност.



Една од долгоочекуваните активности беше ручекот на пензионерското друштво "Canadian Macedonian Seniors " при МПЦ Света Недела, Ajax. Друштвото на чело со претседателот Славе Темелковски, искажа голема благодарност до Пецо Андоновски и неговото семејство за подареното месо од срна на пензионерскиот ручек, кое беше подготвено од Марија Ангелевски заедно со други членки на пензионерскиот клуб.



-Овој месец голем печат во животот на црквата остави и дарежливата донација на семејството на Гордана, Крсте и Дејан Ивановски на кои им благодарам во име на мојата управа и мое лично име.- вели претседателот Бунтески.Имено, тие на црквата Света Недела на 12-ти ноември и' подарија 20 000 канадски долари. На 12 ноември се одржа традиционалната ,,Модна Ревија,, во црквата зад чија организација стои женската секција со претседателката Милица Попоска. На истата беа претставени креациите на талентираните Лидија Анчевска Бошковска и Весна Миловановиќ.



-Во нашата црква вели претседателот Бунтески и културниот живот е на завидно ниво, така што често се организираат и промоции на книги. Во организација на Литературното Друштво Браќа Миладиновци- Торонто кое го раководи претседателот Зоран Карапанчев во нашата црква на 19 ноември, во свечената сала, се одржа промоција на книгата ,,Монографија за Живко Поповски Цветин,,, чиј автор е Вера Благоевич Самарџанин. Рецензијата беше на проф. д-р сц. Борис Атанас Ангелков. Превод на Англиски јазик Катерина Џинева.

Деновиве, вели претседетлот Славе Бунтески имавме и заедничка вечера со рабнотниот тим на црквата Света Недела кој трудољубиво работи во текот на годината и кои заслужуваат почит и признание за нивната бескрајна волонтерска посветеност.Декември е месец на прослави, така во оргазниација на женската секција од црквата Света Недела и претседателката Млица Попоска со нејзините соработнички и членови на секцијата во неделата на 3-ти декември по црковната богослужба се одржа традиционалната Крисмос парти, во која за убавото расположение се погрижија естрадните уметници Смиља Андоновска и Христо Георгиев Ице. Ви пренесуваме почитувани читатели дел од наредните активности, а секако тука централна манифестација ќе биде организацијата за дочекот на Новата 2024 година.

Среќни празници!











ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



# ИМАЈТЕ ЛЕСНИ И БЛАГОСЛОВЕНИ БОЖИЌНИ ПОСТИ



Благој Пенев, парохиски свештеник во МПЦ Св. Илија, Мисисага

Молитвата со постот ни' се големи дарови од Бога без кои нема спасение за луѓето. Постот и молитвата ни' го подарил самиот Господ Исус Христос , кој самиот постел 40 дена и 40 ноќи и постојано бил сам во молитва. Оттогаш, па се до ден денешен постот и молитвата во црквата си живеат и се пазат како најголеми светости. Вистинските пост и молитва постојат само во црквата  и никако надвор од Неа. Тоа значи секој што пости и се молитви треба да биде крстен, да се исповеда, да се причестува и да почитува се' што ни' е дадено. Како пост се подразбира целиот наш христијански живот опфакајќи ја и молитвата. При постењето треба многу да се внимава, не може секој човек да носи иста тежина. Деца стари и изнемоштени лица, болни лица, бремени жени и жени со доенчиња , свештеникот им одредува правило на постење  според нивните способности. Додека здравите луѓе треба да си постат без никакви отстапки, освен со благослов од свештеник, но пак поради некоја оправдана причина. Како и да е, сега е Божикниот пост кој започна на 28 ноември и ќе трае се до 7 јануари кога ќе го прославиме Раѓањето Христово - Божик, поради што и овој пост е наречен Божикен пост.
Имајте лесни и благословени пости!



# *РАЗГОВОР СО ВЕСНА ТРАЈКОВСКА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈАТА ОД ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА ВО МИСИСАГА*

***Имавме успешна година благодарение на нашите Македонки кои се вистински стожер на македонското православно семејство, и ги продолжуваат нашата македонска култура и вековните традиции***

**МК:** Почитувана госпоѓо Трајковска, добро се најдовме, по што ќе ја паметите оваа 2023 година која е на одминување?

**Весна:** Драги читатели чест ми е да ве поздравам и да ви ги пренесам мои-



те впечатоци и резултати од работата на женската секција од црквата Свети Илија во Мисисага во оваа 2023-та година.

Ја отпочнавме со прославите на Божик и Василица за која со право можеме да кажеме дека е еден од најпосетените македонски настани во цела Северна Америка. Следуваше прославата на Меѓународниот Ден Жената 8—ми Март, чистење и украсување на нашата црква за Цветници, подготовка и послужување на посниот ручек по повод овој голем празник и секако прославата на празникот над празниците Велигден. Во месец април се одржа и Комитската вечер на која имавме можност да го пречекаме неговото Високопреосвештенство надлежниот архиереј владиката Методиј.

Во месец мај имавме пролетен базар како и други активности кои се дел од тековниот, редовен живот на црквата, а женската секција е секогаш присутна на сите настани.

Со особено задоволство ќе го споменам празникот Илинден, нашата патронова слава кога црквата ја посетија и присуствуваа на паркот на црквата Свети Илија Поглаварот на Македонската Православна Црква Г. Г. Стефан и неговото Високопреосвештенство Господин Методиј.

Оваа есен го прославивме и вториот патрон во црквата, Света Злата Мегленска, а имавме и неверојатно посетен и многу успешен Митровденски Базар.

**МК:** Навистина прекрасни активности,сигурно за тоа треба многу труд, желба и љубов.. Тоа ли се и карактеристиките на женската секција?

**Весна:** Да, убаво рековте труд, љубов, желба и посветеност. Сите ние и покрај нашите професии, семеј-



ни обврски и предизвици кои ги носи животот наоѓаме време и огромна љубов да работиме за црквата Свети Илија. Речиси сите сме семејни жени, мајки, сопруги, баби и поаѓајќи од нашата улога во семејството еднакво се посветуваме и во црквата помагајќи и придонесуваќи истата да биде стабилна и среќна.

**М.К.** За поздравување се вашите активности и голем наклон од нас сите како Македонци за се' што правите. Се добива впечаток дека женската секција е неопхоност во функционирањето на црквата и одржувањето на социјалниот живот на Македонците?

**-Весна:** Како коренот за дрвото, како темелот за куќата, тоа сме ние и нашата секција и останатите женски секции во нашата македонска заедница кои се стожери во зачувувањето на македонските традиции, зацврствување на заедништвото, продолжување на македонштината.Ги молам и поканувам младите Македонки да ни се приклучат и станат дел од Женската Секција.

**-М.К.** Госпоѓо Трајковска, како ја завршувате оваа 2023-та година и дали имате некоја порака до нашите ценети читатели?

**Весна:** Годинава што одминува ја завршуваме со популарната Крисмос Парти на 16-ти декември која е распродадена и со организирањето на ручекот по повод празникот Свети Никола.

Во оваа прилика би сакала да упатам апел до сите наши Македонки со нивните семејства да учествуваат со свои парични прилози во изработката на фрескописот на нашиот втор патрон Света Злата Мегленска. Вакваможност се укажува еднаш на 200-300 години и е вистинска привилегија да го овековечите вашето име и станете дел од историјата. Ви благодариме и посакуваме пријатни празнични денови.

**МК.** Госпоѓо Трајковска, Ви благодариме на оддвоено време и разговорот.




## СООПШТЕНИЈА

### ПОВИК ЗА ВАШИТЕ ДОБРОВОЛНИ ДОНАЦИИ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ФРЕСКОПИСОТ ВО ОЛТАРОТ НА СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА



**Почитувани дами со вашите семејства,**

Женската Секција од Македонската Православна Црква Свети Илија од Мисисига Ве известува дека во тек е собирање на парични средства за завршување на фрескописот во олтарот на Света Злата Мегленска.

Сите вие кои би сакале да подарите парични средства за доукрасување на нашата црква и олтарот на нашиот втор патрон Света Злата Мегленска ќе биде од голема помош, а исто така и ќе Ви биде доставена и потврда за вашата такса. (tax receipt).

Однапред благодарни.. Со почит од женската секција со претседателката Весна Трајковска.

### *РУЧЕК ВО ЧЕСТ НА ПРАЗНИКОТ СВЕТИ НИКОЛА*



По повод празникот Св.Никола на 17-ти декмври веднаш после богослужбата , женската секција ќе подготви посен свечен ручек. Ве покнуваме вас со вашите семејства да ни' се придружите.

Секој е добредојден, кој може да донесе посни слатки и солени производи со што ќе го помогнете овој настан. Ве очекуваме.

On the occasion of St. Nicholas on December 17th, following the service, the Ladies Auxiliary will prepare a festive lunch, and we invite you and your families to join us. Everyone is welcome to bring some vegan (posno) sweet and savory products to help with this event. We are expecting you.

Салата при црквата св. Илија во Мисисага се изнајмува за организирање на :приватни забави, крштевки, веридби,
погреби и други настани.
Освен просторот, црквата нуди и комплетно мени со јадења за гостите.
Капацитет: 150 луѓе

За повеќе информации јавете се кај:

**Горнан 647-710-3836**
**Бисерка 416-319-4949**



# ПОКЛОНУВАЊЕ ПРЕД МОШТИТЕ НА СВ. НЕКТАРИЈ ЕГИНСКИ



**Пишува и уредува:**
**прота-ставрофор**
**ИЛИЈА ДОНЕВ:**
**416. 898 – 0496**
**ilijadonev@gmail.com**
**FB Ilija Donev**



*Слава на светтите Твои, Господи*

## Од житието на св. Нектариј Егински

Оваа нова ѕвезда на Небото на Христовата црква, богоносниот отец Нектариј, е роден во Силиврија, Тракија на 1 октомври 1846 година од сиромашни и благочестиви родители. Уште како млад појавувал силна желба за верата и за Бога. Најпрво се школувал во Цариград па потоа во Атина. Меѓутоа, најголемото образование за верата го стекнал читајќи ги списите на светите оци и црковните учители. На крштевањето го добил името Анастасиј, а кога бил ракоположен во ѓаконски чин го добил името Нектариј. Се одликувал со исклучителна набожност и молитвеност. Служел во Црквата како ѓакон, свештеник, архимандрит, а по три години од престојот во Александрија бил избран за епископ на древната епископија Пентаполис.

Поради неговиот благочестив и набожен живот, а секако поради силните проповеди и поуки, стекнал голема љубов меѓу народот. Но, за жал, авторитетот и љубовта што ја имал од народот му донела големи непријатности кај црковните власти. Имено, тие плашејќи се за своите позиции го клеветеле и прогонувале, бил обвинуван дури и за неморал. Дури и патријархот Софрониј подлегнал на таквите клевети и го прогонил од Александрија во Грција. Меѓутоа клеветите стасале и до таму па истото му се случувало и во Атина. Останал без работа и се борел за гола егзистенција. Но и покрај се', никогаш не очајувал и постојано се молел на Бога. Барал прошка од луѓето и кога не бил виновен, а за зачувување на мирот меѓу луѓето самиот си определувал пост. Доколку мирот не се врати меѓу скараните тој го продолжувал постот. Неговиот близок пријател Костас во една прилика му вели: "Оче гледајќи што ти се случува и како те прогонуваат јас да сум на твоето место никогаш не би влегол в црква". Отец Нектариј му одговорил: "Костас јас не станав свештеник поради луѓето, туку поради верара во Бога. Ние треба да ги поднесуваме сите искушенија". Но и покрај се', тој продолжувал да ги извршува обврските како ништо да не се случувало. Добивал неколку задолженија но тие биле од кратктраен карактер. Бил управител во училиштето за Богословија и во него учениците виделе вистински учител, воспитувач и духовник. Неговата духовна возвишеност привлекла неколку девојки да се посветата на монашкиот живот. Бидејќи не бил прифатен од црковните власти тој, заедно со нив, самоиницијативно организирале и изградиле манастир на островот Егин. Починал на 9 ноември 1920 година во 74 –та година од животот.

Поради чудата што ги извршувал, уште за време животот, а секако и после смртта, набргу неговиот култ се раширил меѓу христијаните. Настанот што го имавме во нашата црква "св. Климент Охридски" само го потврдува тоа. Во 1960 година бил канонизиран за светител.

## Свети Нектриј Егински - за љубовта

Трудете се да имате љубов. Секојдневно барајте од Бога љубов. Заедно со љубовта доаѓа сето богатство на добра и добродетели. Сакајте, за да бидете сакани од другите. Дајте Му Го на Бога сето ваше срце, за да останете во љубовта. „Кој пребива во љубовта, пребива во Бога и Бог во него" (1 Јован 4:16). Должни сте да имате големо внимание во меѓусебните односи и да се почитувате еден со друг како свештени лица, како икони Божји. Никогаш не гледајте на телото или на неговата убавина, туку на душата. Внимавајте на чувствата на љубов, затоа што ако срцето не се загрева со чиста молитва, љубовта е во опасност да стане телесна и неприродна; во опасност е да го помрачи умот и да го согори срцето.

Треба секојдневно да испитувате, затоа што можеби нашата љубов не произлегува од врската на нашата заедничка љубов кон Христа; можеби не извира од полнотата на нашата љубов кон Господа. Оној, кој бдее за да ја сочува чистата љубов, ќе се сочува од замките на лукавиот, кој се обидува малку по малку да ја преобрати христијанската љубов во љубов заедничка и сентиментална.













## Св. Нектариј меѓу Македонците во Торонто

Можеме слободно да речеме дека деновиве нашата македонска заедница во Торонто дишете во дух Св. Нектариј Егински. Мноштво луѓе дојдоа да се поклонат на неговите мошти и да се помолат на Вечерната богослужба. Голем е Господ, драги браќа и сестри. Голема е силата Негова. Господ преку Неговата благодат не' собра да посведочиме за нашата почит кон св. Нектариј Егински.

Голема благодарност должиме на Father Peter Buauios од Романската павославна црква кој покажа несебична љубов, како што рече, кон братскиот македонски народ. Тој ги донесе моштите коишто беа изложени во црквата "св. Климент Охридски". По донесувањето на моштите се отслужи света воскресна Вечерна богослужба на која сослужуваа повеќе свештеници.

После богослужбата најпрво о. Сашо Целески одржа пригодно слово, а потоа и Father Peter Buauios: Тој опширно се задржа на животот и чудата што извршил св. Нектариј Егински. Прекрасна беше глетката кога целиот народ со стравопочит и набожност доаѓаше да се поклонат пред моштите на светецот.

ГОЛЕМИ СЕ ДЕЛАТА ТВОИ, ГОСПОДИ.

*Продолжува на следната страница..*



*Печатењето на оваа страница е овозможено од доброчинителите Славе и Јулија Димитрови*

## Што се мошти и која нивната важност?

Свети мошти се остатоци или делови од светителските тела, дали во облик цело тело, или дел од телото како честичка. Древен христијански обичај е да се земаат делови од телата на светителите и да се разделуваат на повеќе верници да ги видат, да се поклонат, допрат и целиваат. Затоа и ние дојдовме и се поклонивме пред моштите на св. Нектариј Егински. И денес остатоци или цели тела на светителите, и после многу години или векови, останале целосни и не подлегнале на физички и хемиски закони на распаѓање. Над нив и денес се појавуваат разни чуда или разни Божји дејства како продолжување на спасителниот богочовечки однос после успението на определен светител. Тоа е силата на Божјата благодат која во светот делува видливо и вистински се манифестира преку светителските телесни остатоци. Моштите, како тело кое не подлежи на природно распаѓање, претставуваат претходно сведоштво за бесмртноста на личноста и предзнак на воскресението во идниот век и идниот живот. Треба да се знае дека врз моштите на светите луѓе не се врши никаква надворешна интервенција за нивна заштита од распаѓање. Тоа е дело на Божјата благодат на Божјата сила.

На моштите како свет дел од телото на светителот Црквата уште од раните векови посветувала посебно внимание. Така е и денес. Честичка од телото на светител се става на Чесната трпеза (св. Престол) и во светиот антимис при осветување на храм. Најчесто, се чуваат во кивот или на посебно безбедно место. Зачетоците на св. Литургија датираат од најрано време кога христијаните се собирале на гробовите на покојните христијани и извршувале молитви. Таа традиција подоцна се усовршила во посебен чин на св. Литургија што ние ја служиме денес.

## Што се реликвии?

Постои разлика помеѓу свети мошти и реликвии. Така, освен светите мошто во црквата се чуваат и предметите кои ги употребувале или со кои се служеле, светителите за време на животот. Познати се Чесните вериги на св. апостол Петар со кои би врзан во затворот. Во нивна чест Црквата посветила и празник (види 29/16 јануари). Исто така сочувани се и синџирите со кои бил измачувам св. великомаченик Ѓорѓи. Тие денес се чуваат во црквата посветена на негово име во градот Јафа во Израил. Инаку, Јафа е стариот дел на градор Тел Авив и неколку пати се спомнува Светото Писмо на Новиот Завет. Кај нас, во Македонија, во ќелијата на св. Гаврил Велички се чуваат предметите кои што тој ги употребувал.

Свети мошти во Македонија

Во Македонија, како земја Библијска, од секогаш се негувала оваа света традиција и верување во силата на св. мошти и на телата на светителите. Такви остатоци ние денес имаме повеќе како: моштите на св. Климент Охридски, потоа на св. Наум Охридски, моштите на св. Нектариј Битолски, моштите на св. Јоаникој Ракотински (кои на чудесен начин беа откриени во 1985 година), а во најново време телото на св. Гаврил Велички кое се наоѓа во манастирот Св. Гаврил Лесновски. Секој оној кој има намера да патува во Македонија пожелно е да отиде и да се поклони на моштите, телото, на овој наш современ светител.

## Божиќен концерт





Во рамните на овој убав настан се одржа и мала духовна академија.

Најпрво North Metro Chorus исполни неколку песни од нивниот богат репертоар. Потоа East York Concert Band се претставија со неколку музички изведби, и најпосле Учениците при неделното училиште при црквата “св. Климент Охридски“ исполнија неколку божиќни песни: Вечниот Бог, Христос се роди, Giggles Bell и други.

Искрено им благодариме на организаторите на овој несекојдневен настан кои ни овозможија и ние да се поклониме на моштите на големиот Божји угодник св. Нектариј Егински. Дај Боже вакви настани да имаме почесто. Тие ќе ни помогнат за зацврстување на верата во Бога што денес ни' е најмногу потребно. АМИН.

**Свети Нектариј, моли го Бога за нас!**

# MOC ST NAUM OF OHRID, HAMILTON



**UPCOMING EVENTS**

**Beginning: Wednesday Dec 6 at 730pm, we will have weekly Macedonian Folklore Dancing with Choreographer Ivica Anastasov.**

**January 5 - Sv. Naum Day, 11am Church Service and lunch to follow**

**January 5 – evening Kolede in the Church parking lot**
**January 6 – evening Service Badnik**

**Sunday January 7, Christmas Service and Christmas Party for the children with a visit from Dedo Mraz**

**The folklore ensemble St. Naum of Ohrid–Hamilton, introduces its enrollment for new members. The classes will take place every Wednesday at 7:30 pm in the banquet hall of the church St. Naum of Ohrid in Hamilton. The first class is on December 6, 2023. The dance group will be led by the long-time choreographer and folklore dancer, Ivica Anastastov.**

**We invite you to join us!**
**Age group: 4-year-old and up**
**Monthly fee: $50.00 per member**

**For more info, please contact Irena at 905-462-5107 We look forward to your presence!**

**--------------------------------------------------------**

**Ансамблот Св.Наум Охриски од Хамилтон објавува оглас за членство во новоформираната играорна група која ќе се одржува секоја среда од 19:30-21:00 часот во просториите при црквата Св.Наум Охридски од Хамилтон.**

**Играорната група ќе биде предводена од долгогодишниот кореограф Ивица Анастасов.**




**Ве покануваме да ни се придружите!**

**Возрасна група: од 4 години нагоре**

**Месечна членарина: $50 по член**

**За повеќе информации контактирајте не на 905-462-5017 кај Ирена.**

**Ве очекуваме!**

**УЧИЛИШТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ВЕРОНАУКА ВО М.П.Ц. СВ. НАУМ ОХРИДСКИ ВО ХАМИЛТОН**

***Почитувани читатели,***

**повелете донесете ги вашите дечиња и внучиња да ги зачуваме нашите македонски корења и традиција. Училиштето е во помошните простории на М.П.Ц. Св. Наум Охридски во Хамилтон , истото е бесплатно и сите се добродојдени. Секоја Недела од 10:30 на утро.**

**Адреса : 1150 Stone church rd East , Hamilton ,**

**L8W 2C7 Ontario**

# Macedonian Cooking with Sue Eastwood








## APPLE AND WALNUT CAKE

This cake begs to be made for the holidays. It's one of my favourites any time of year.
Saturday morning, as I lay in bed still, I had this cake on my mind. The filling oozing with buttery cinnamon, apples and walnuts. This festive cake is unbelievably good and easy to make. You probably have the ingredients already.
If you have a bundt pan, use it to showcase the wonderful filling bursting out and the graceful icing drizzle cascade down the sides. This is perfect with coffee in the afternoon but also a nice breakfast cake. Apples and walnuts are healthy, right?

**Apple and walnut cake**
*** 2 large egg whites, room**
*** temperature**
*** 1 cup sugar**
*** 1 cup sour cream or ricotta**
*** 1/2 cup milk**
*** 1 teaspoon vanilla extract**
*** 2 cups all-purpose flour**
*** 3/4 teaspoon baking soda**
*** 1/2 teaspoon baking powder**
*** 1/2 teaspoon salt**
*** filling:**
*** 2-1/2 cups diced peeled tart apples**
*** 1/2 cup chopped walnuts**
*** 1/4 cup sugar**
*** 2 tablespoons butter, melted**
*** 2 teaspoons ground cinnamon**
*** glaze:**
*** 1 cup confectioners' sugar**
*** 4 teaspoons 2% milk**
*** 1/4 teaspoon vanilla extract**

Directions
* In a large bowl, beat the egg whites, sugar, sour cream, milk and vanilla. Combine the flour, baking soda, baking powder and salt; gradually add to sour cream mixture, beating just until combined.In a large bowl, combine the filling ingredients. Spoon half of the batter into a greased and floured 10-in.fluted tube pan. Top with half of the filling. Repeat layers. Bake at 350° for 40-45 minutes or until a toothpick inserted in the center comes out clean. Cool for 10 minutes; invert pan and remove cake to a wire rack to cool completely. Combine glaze ingredients; drizzle over cake.

I love when I have all day to myself. It's rare, but yesterday it happened! I wanted to make an olive bread and add feta to it. These are very Macedonian flavours that I made to enjoy with another favourite Macedonian dish, Tavche Gravche. I am going to focus on the bread here. I like to get involved with my dough and the kneading process by hand if I have time. I guess because I spend all week at a desk working, it's a release to pour myself into kneading, feeling the texture and watching the dough become smoother and smoother as I handle it. I made this recipe up as I went , and it turned out beautifully.
After about 20 minutes of baking , I placed a sheet of foil paper over the bread in the oven for the remainder of the time. That way it does not overcook the top and you get a perfect golden colour while baked thoroughly inside.
I included step by step photos to help. Recipe below.



## SUE'S MACEDONIAN STYLE OLIVE AND FETA BREAD

Ingredients:
**LUKEWARM WATER**
**250ml (1 cup)**
**FETA CHEESE**
**60g (cup)**
**EGG 1**
**SALT 3g (½ tsp)**
**OIL 15ml (1 tbsp)**
**All purpose FLOUR**
**520g (4 ⅛ cups)**
**DRY YEAST**
**8 g or one packet yeast**
**Black sliced olives 1 1/2 cups ( tin)**
**MELTED BUTTER**
**15g (1 tbsp)**
**GARLIC CLOVE, MINCED**
**1PARMESAN 30g (3 tbsp)**
**DRY OREGANO 1 tsp**
**FETA CHEESE ( belo sirenje)**
**60g ( cup) EGG WASH**
**PARMESAN**

**Instructions:**
In a large bowl, combine the water with the yeast and stir.
Step 1- Add the egg, salt, olive oil, and feta cheese.
Step 2 -Add flour and mix to combine.
Step 3- Knead the dough for 10 minutes or until smooth. Cover and let it rise for 1 hour.
Step 4 -For the filling, mix olives with butter, garlic, parmesan, oregano, and feta cheese.
Step 5 - Roll the dough on a floured surface forming a 45×38 cm (18 x 15 inch) rectangle.
Step 6 -Spread the olive filling on top.
Step 7-Carefully roll up the dough, starting from the longer side. Pinch both edges of your roll together to seal.
Step 8 -Cut the dough in half lengthwise.
Step 9 - Pinch the two ends together, then twist the dough into a braid. Set aside until doubled in size.
Step 10 - Brush the bread with egg wash and top with parmesan cheese.
Bake for 50 minutes at 190°C/375°F.














Owners Robert Gill and Sue Eastwood

WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca

RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.

COR National Standard Certified by IHSA.ca Work Safe for Life








## We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.

We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.



For more information
**CALL OUR TEAM**
**905 761 9030**
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

УПРАВАТА НА ЛЕРИНСКОТО КУЛТУРНО ДРУШТВО ОД КАНАДА
ВИ ПОСАКУВА
СРЕЌНИ И ВЕСЕЛИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ



The Lerin Board
would like to wish
all Macedonians a very Merry Christmas,
and a New Year filled with love, health and happiness.

ХРИСТОС СЕ РОДИ! НАВИСТИНА СЕ РОДИ



ЧЕСТИТ БОЖИК И СРЕЌНА НОВА ГОДИНА СО ЖЕЛБИ
ЗА СЕ НАЈДОБРО ОД ГЛИГОР СТЕФАНОВ СО СЕМЕЈСТВОТО
facebook.com/StefanovIconStudio


ST DIMITRIJA SOLUNSKI PRESENTS
VASILICA
SATURDAY JANUARY 13TH
2024
6:30 PM
CRYSTAL FOUNTAIN EVENT VENUE
60 MCDOWELL GATE, MARKHAM, ON L6G 1B5
ADULTS $85 -- KIDS 12 AND UNDER $40
FOR TICKETS CALL: 905 471 5555
*SPECIAL GUEST FROM MACEDONIA*
ANETA ARSOVSKA
KUD BILJANA
BOYS FROM BOUF

## МИСЛЕЊА НА ЧИТАТЕЛИТЕ НА ВЕСНИКОТ ,,МАКЕДОНИЈА,,

*ВО ДЕКЕМВРИСКОТО ИЗДАНИЕ КОЕ Е ПОСЛЕДНО ЗА ОВАА ГОДИНА ВЕ ПРАШУВАМЕ:*

# КОИ НАСТАНИ И СЛУЧУВАЊА ВО МАКЕДОНСКАТА ЗАЕДНИЦА ВО КАНАДА ВИ ОСТАВИЈА НАЈСИЛЕН ВПЕЧАТОК ВО ОВАА 2023 ГОДИНА?

**Славе Катин, публицист:**



Македонската заедница во Канада игра значајна улога во севкупното живеење на Македонците од сите делови на Македонија во светот.Така, од големиот број активности во 2023 година, секако, одржувањето на 50-та „Гоцева вечер“ на организацијата „Обединети Македонци“ на 4-ти февруари 2023 година и учеството на академик проф. Љупчо Коцарев, претседател на МАНУ и неговите говори и пораки ќе останат во трајно сеќавање кај сите Македонци во дијаспората.

Меѓу другото, академик Коцарев препорача дека Македонците, предводени од МАНУ, Македонската православна црква и Академската заедница ќе увидат еднаш за секогаш дека само ние Македонците можеме да се избориме за вековното опстојување на Македонија и македонскиот народ.Исто така, силен впечаток ми оставија прославите за црковните и националните празници на Македонија и македонскиот народ, како што се Илинден, 11 Октомври, Божик, Велигден и другите празници кои се слават во македонските православни цркви во Канада, како и хуманитарните активности, посебно за Мала Преспа и други места и асоцијации. Притоа би го издвоил настанот за одржувањето на „Комитската вечер“ во МПЦ „Св. Илија“ во Мисисага на 22 февруари 2023 година, кој ме одушеви од посетеноста и изразот на љубов кон Македонија.

Меѓу другите настани ќе ја издвојам промоцијата на 19 март 2023 година на делата за Луј Влашо од САД, Душан Ристевски-Македон од Австралија и Славе Катин од Македонија, проследени во весникот „Македонија“, кој ми остави голем и траен впечаток.

**Емил Атанасов свештеник во МПЦ Свети Никола, Виндзор:**

Годината 2023, која што веќе



одминува ке остане запаметена како индивидуално, така и во колективната меморија на нашите Македонски заедници во Канада, по неколку бележити нешта.

Најпрво, оваа година доживеавме во голема мера подобрување од минатите неколку години кои одминаа во сенката на пандемијата. Полека се вративме во нормалниот и слободен тек на животот, меѓутоа многу поискусни со направена длабока ре-евалуација на животните вредности како што е целосното здравје и нашето и на другите околу нас. Сфативме, колку се важни меѓучовечките односи, животот во заедница, потребата да се помагаме, да се подржуваме и да не живееме сами за себе. На принуден начин ја разбравме, поуката што Христовата Црква со векови ја шири во човештвото дека „братот наш е нашиот живот!“.

Друго нешто важно што се случи е секако посетата на нашата Македонска православна епархија од страна на нашиот Црковен Поглавар Архиепископот Охридски и Македонски г.Стефан. Ова се случува после подолг период и сметам дека неговата посета предизвика особено позитивен импакт во нашите заедници и придонесе за наше зајакнување и обновено поврзување со матицата на нашата Црква и во една подлабока смисла, со нашите национални и духовни корени. Посакуваме повторна посета од Неговото Блаженство во скоро време.Секако, настан вреден да се спомене беше и Семакедонскиот Црковно-народен Собор, којшто се одржа во Детроит Мичиген во Катедралната Црква Св.Богородица. Благодарение на добрата организација се собравме многу Македонци од повеќе македонски заедници од Америка и Канада.

Понатаму, оваа година во голема мера ги вкусивме плодовите на братското сослужување со другите канонски Православни цркви коишто постојат на овој континент. Многу наши Македонски парохиски Цркви беа домаќини или учествуваа во сеправославни братски служби и на тој начин мислам дека другите Цркви ја сфатија вредноста, чистотата и големината на верата на Православните Македонци кои живеат овде. Ова е причина за голема радост затоа што се исполнуваат Христовите зборови од Неговата молитва кон Отецот, пред да биде фатен и осуден: да бидат сите едно како што Тој е едно со Отецот.Зборувајќи конкретно за нашата Црковна заедница Св.Никола во Виндзор, би го истакнал радосниот настан на посетата од страна на нашата сестринска Македонска Православна Црква Св.Недела од Ејџекс. Посетата ја сочинуваа нивниот свештеник, претседател, членови на Управата и Женската секција како и други верници. Поминавме прекрасен ден за паметење најпрво на Св.Литургија, а потоа во Црковната сала, каде во срдечен разговор разменивме искуства, идеи и желба за соработка и во иднина.

Во неколку зборови, мислам дека ова се поважните настани што се случија во нашата локална црковна заедница, а и воопшто во Македонската заедница во Канада.

**Диме Костов, дописник на Македонија:**



Оваа 2023 година полека си заминува. За Македонската Заедница во Канада многу успешна и проследена со многу настани и случувања. Јас би издвоил два настана, кои мене лично ми оставија најголем впечаток.

Како што знаеме оваа 2023 година беше изборна година за сите цркви во Канада. Изборите поминаа во најголем ред и се избраа нови Претседатели и нови Управни Одбори. Честитки до сите Претседатели на кои им посакувам успешна работа и резулти за време нивниот двегодишен мандат. Посебно би сакал да ги истакнам црквите во Торонто и во Мисисага, каде што се избрани Претседатели од втората генерација на Македонци во Канада. Борис и Васко освен што се успешни во своите професии, успешни се и во своите македонски цркви, односно заедници..

Вториот настан кој би сакал да го издвојам се случи неодамна т.е. на 25-ти ноември, Сабота во нашиот храм "Св.Климент Охридски". На вечерната богослужба беа приложени дел од моштите на Св.Нектариј Егински. Моштите беа донесени од нашиот брат по вера отец Питер Бусуиок од братската и пријателска Романска православна црква "Св.Стефан и Св.Нектариј" а со благослов на Неговото Високопреосвештенство, митрополитот на Американско-Канадска Македонска православна епархија г.Методиј. Црковата беше претесна да ги прими сите верници кои навистина уживаа во оваа несекојдневна служба во чест на Св.Нектариј Еински.

На сите верни читатели на весникот "Македонија" им ги честитам Новогодишните и Божикни празници и во 2024-та година им посакувам многу здравје, љубов и среќа....

**Драги Стојковски претседател на Организацијата Обединети Македонци:**



--Во оваа 2023 година, најсилен впечаток ми оставија двата настани под покровителство на Организацијата Обединети Македонци во Канада, кои според мене, беа и најзначајни за 2023 година бидејќи истите ни го осветлија патот кон македонско национално единство во Канада и светот. Првиот значаен настан беше 50-тата Гоцева – комитска вечер, каде почесен гостин беше претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, академик Љупчо Коцарев, продолжувајќи ја традицијата на видни гости, како 2000-тата година кога почесен гостин беше тогашниот претседателот на Република Македонија, господинот Борис Трајковски, и 2009 година кога почесен гостин беше тогашниот премиер на Канада, господинот Стивен Харпер. Вториот значаен настан беше овогодишниот Илинденски пикник кој по 65-ти пат се одржа под водство на Организацијата Обединети Македонци во Канада. Илинден 2023 година ќе се памети по родољубивата сплотеност на Македонците во Канада, каде Македонци од разни генерации се собраа да го прослават Илинден и да оддадат почит на сите Македонци кои ги положиле своите животи пред олтарот на слободата за Македонија. Посебно радува бројноста на децата и младинците кои ги продолжуваат нашите македонски традиции Честитајќи ја Новата година и нашиот православен Божик на сите Македонци ширум светот, им пожелувам здравје и успех во животот и ваквите успешни настани да ги множиме во идната и следователни години.

**Давид Тасевски, кореограф во КУД Биљана Маркам**



Најпрвин би сакал да ги поздравам сите читатели на овој прекрасен весник. Сите македонци коишто живееме тука, поради свои причини, некој порано некој подоцна ја напуштивме нашата мила татковина. Црквите и настаните што се оддржуваат се единствените места каде што би си земал за право да кажам дека се чувствуваме како дома. Опколени со наши луѓе, нашите златни дечиња, македонски песни и ора, и не заборавната и превкусна македонска храна зготвена од нашите прекрасни и талентирани мајки, баби итн. Оваа година имав прилика за прв пат да присуствувам на Илинденскиот пикник. Тоа е настан којшто на мене лично ми остави преголем впечаток и навистина бев вчудоневиден од посетеноста на истиот. Тој ден навистина се чувствував како да сум во Македонија на излет за Илинден, како што всушност и правиме во Македонија. Од една страна се слушаше гласнозвучниот македонски тапан и зурла, од другата страна те обзема мирисот на превкусната македонска храна, едноставно кажано, полно срце.

Сите настани на коишто се собираме како Македонци, како браќа и сестри ми се навистина мили. Но, ако би издвоил еден настан, без размислување би рекол дека тоа е Светата Литургија. Настан над настаните. Настан на којшто секоја недела и празник Христос ни се дава не себично. Настан на којшто и покрај безбројните наши прегрешенија Бог ни дава можност за покајание и живот вечен преку примањето на Неговите Крв и Тело. Господ секогаш како наш родител милно ќе чека да му ја отвориме вратата од нашето срце. Затоа, би сакал да ги замолам младите луѓе коишто ќе го читаат овој прекрасен весник, да му ги отвориме вратите од нашето срце на Бога, да ги посетуваме што почесто светите богослужби. За крај би сакал да завршам со зборовите на еден од нашите македонски молитвеници пред Бога, Старец Гаврил Светогорец: Бог им се открива на оние што Го бараат во толкава мера колку што од нив е баран, секому, без разлика, на кој и да било начин да Го бараат. И тоа се открива во вид што ним најмногу им одговара. Разбојникот во последниот момент, на смртниот час, од крстот Го побарал Господа и Го нашол. Другиот разбојник не Го барал и не Го нашол.

**Ристо Дурловски ООМК:**



Хронолошки светските случувања, посебно на политичката сцена, се се' потурбулентни и по страшни. Нашата татковина Македонија не е поштедена од истите. Збиднувањата не се идентични, но рефлексите се евидентни. Така надворешните фактори, перманентно ни испраќаат негативни енергии и ние мора да се бориме со непотребни проблеми. А истите се рефлектираат насекаде каде што живеат Македонци... За мене нај позитивно случување беше овогодишната прослава на македонскиот национален празник Илинден. На нашиот парк во Скугог по повод овај голем ден бевме собрани огромно мнозинство Македонци и симпатизери на нашата култура. Мислам дека организацијата беше на завидно ниво, а со тоа и задоволството на посетителите беше према очекувањата. Оваа година имавме рекорден број на млади и возрасни луѓе. еден прекрасен илинденски пикник.. ( Продолжува на следната страница)...

Наредната година ќе се потрудиме да бидеме уште подобри од оваа година. За таа цел грубите подготовки веќе се во тек. Ја користам оваа прилика да им се заблагодарам на сите наши посетители. Драги браќа и сестри да ни' сте живи и здрави и догодина пак да се видиме на македонскиот парк во гратчето Скугог. Пријатно на сите и ве сакаме сите!

**Ангел Станчев, свештеник во МПЦ Свети Наум Охридски, Хамилтон:**

,,Животот е сенка и сон"… се вели во псалмите Давидови. Пред крајот сме на оваа календарска година, но секако секој крај е само почеток на нов циклус, на нова надеж и нови предизвици, ново време кое секако ќе го носиме со повеќе искуство и смирение стекнато во изминатата година со Божја помош. Кога ќе се свртиме назад и размислиме за изминатата година и по што ќе ја паметуваме во животот на Македонецот во оваа прекрасна земја Канада, која ни' стана нов дом, секако ќе се обидиме тешкотиите и искушенијата да ги заборавиме, а во прв план радоста и верата, со благодатта и утехата што ни ја дава црквата , семејството и пријателите да ги ставиме во прв план. Една таква духовна радост токму беше посетата на неговото Блаженство , Архиепископот Охридски и Македонски Г.Г. Стефан заедно со нашиот Духовен Татко Митрополитот Американско - Канадски Г. Методиј во Македонските Православни Храмови и на македонскиот православен народ и исто така и во М.П.Ц. Св. Наум Охридски во Хамилтон каде се собравме од најмлади до најстарите. Каде има радост има и тага, па така оваа година ја споделивме радоста со семејствата кои добија принова, дечиња но ја споделивме и тагата со оние семејства кои испратија член од семејството, нашата заедница го испрати во вечноста, во Рајските градини големиот патриот, верник и горд Македонец Цани Кациу Крстевски. Од името на моето семејство и името на нашата М.П.Ц. Св. Наум Охридски ви посакувам Божјата благодет со Неговото милосрдие и човекољубие да е со вас и вашите семејства во новото 2024то лето Господово, мир и слога помеѓу Македонците, да ги посетуваме нашите цркви на Света Литургија и да го чуваме нашиот Македонски јазик, култура и семејна традиција.



**Вера Благојевич, писателка:**

Мојата татковина отсекогаш била дел од културните воздигнувања, со богата традиција и обичаи, фолклор и музика, бисер на Балканот.

Кога велам Македонија, мислам на Вардарска, Пиринска и Егејска Македонија, ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА.



Ете тоа сакам да го кажам, прво и најмногу ми се допаѓа во весникот „Македонија", кој еднаш месечно излегува од печат во Торонто, Канада. Во секој број, неизоставено се споменува целата наша Македонија, која ја грабеле, делеле, селеле и дека не постои веleле, но овој весник и уредништвото не дозволуваат да се заборави што е се' Македонско, со секој број докажува дека постои и дека не има и тоа премногу и насекаде.

Ми се допаѓаат и објавите на настаните во Торонто, кои ги организираат разните Асоцијации од Македонската заедница, овде во Канада, Промоции на книги на македонски јазик, културни собири од сите краеви во Македонија, модни ревии, ручеци и вечери од традиционалната македондонска кујна.

Мора да нагласам дека овој весник е чуварот на нашата вера и МПЦ и пак на обичаите, јазикот, и се' македонско.

Јас мислам, дека овој медиум треба да го чуваме и подржуваме, како нешто бесценето, да не потсетува на минатото, да не бодри кон иднината и нашите поколенија и сиот свет, сите да знаат дека не' има, дека постоиме и ќе постоиме.

Со една реченица, весникот „Македонија" е вечен прозорец кон МАКЕДОНШТИНАТА.

Голема благодарност до урдништвото и главниот уредник, младата Соња Лозановска.

Благодарам што постоите и не радувате, со издавањето на секој нов број на весникот.

**Благој Пенев, МПЦ Свети Илија, Мисисага:**

Лично мене најсилен впечаток ми остави и сум многу задоволен со отварњето на црковниот парк од страна на управата и заедничката богослужба со архиепископот Г.Г.Стефан и нашиот надлежен митропплит Г.Методиј токму за отварањето на паркот и прославата по повод нашиот патрон празник ,, Свети Илија,,.







**Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион**

Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.



**ПРЕВОЗ НА СЕ' - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР**

**Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.**

**Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.**

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетингшки промоции и сл..

На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакуваната адреса.

**MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6**

email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970




**Available on Amazon Canada & USA**

↓ SCAN ME ↓

AlphaXGear

**Cutting-edge Fire Prevention Technology**
**Trusted by Families Worldwide**
**Easy to Use, Compact, and Portable Design**
**Peace of Mind in Every Blanket**

🔥 **Unleash Safety with AlphaXGear Fire Prevention Emergency Blanket!** 🔥
Transform your space into a fortress of safety with the AlphaXGear Fire Prevention Emergency Blanket – your ultimate guardian against unforeseen flames! 🛡️

🏠 **Versatile Protection:** Ideal for the home, kitchen, garage, office, or your favorite campsite, the AlphaXGear Fire Prevention Emergency Blanket is a must-have safety tool for every environment.

🔥 **Rapid Response:** In the face of danger, act swiftly! Simply cover the open flame with our emergency blanket, and watch as the fire surrenders to its powerful, flame-retardant shield.

🛑 **Stop Fires in Their Tracks:** Safeguard your home and loved ones by nipping potential disasters in the bud. With AlphaXGear, you're not just preventing fires; you're stopping them dead in their tracks!

🎁 **Perfect Gift for Every Occasion:** This holiday season, give the gift of safety! The AlphaXGear Fire Prevention Emergency Blanket makes an excellent Christmas present for your loved ones, ensuring their well-being and peace of mind.

🛍️ **Available on Amazon Canada & USA:** Experience the epitome of fire safety at your fingertips! The AlphaXGear Fire Prevention Emergency Blanket is now conveniently available on Amazon Canada and USA. Order yours today and embark on a journey towards a safer, worry-free environment.

🔥 **Don't wait for an emergency to strike:** Be proactive, be protected – choose AlphaXGear! Order your Fire Prevention Emergency Blanket now and let safety reign supreme in your space. 🔒

# Macedonian Wines and Spirits Licence No. 54522








Enjoy Macedonian wines and rakija not available at the LCBO stores. Choose from four red wines, one white wine, Zolta and Bela rakija.

The BEST of Macedonian wines and spirits in Ontario, Canada.
Vranec Semi-Dry, Vranec, Vranec Barrique, Merlot& Cabernet, Pinot Grigio, Rose Pinot Noir, Stara Zolta-Brandy and Stara Bela Rakija- Starokrajska.
To order call or text Andy 416-735-2401 or email macedonap@rogers.com
www.MacedonianWinesAndSpirits.com


Wishing everyone a
Merry Christmas &
a Happy New Year!
All the best,
The Nedan Team
ROYAL LEPAGE
Meadowtowne Realty
Brokerage
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
Broker
647.333.9628
VASKO@ROYALLEPAGE.CA


FOR LEASE
1049 McNicoll Ave
Toronto
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


FOR SALE
209 Consulate Road
Mississauga
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


FOR SALE
397 Front Street West #1103
Toronto
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


JUST BOUGHT
211-3078 Sixth Line
Oakville
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628

# INTERVIEW WITH FATHER SASHO CELESKI FROM THE MOC ST. CLEMENT OF OHRID, TORONTO

**MK:** *Dear Father, thank you first and foremost for setting time aside before the end of the year, and before the celebration of the Saint Day of our Cathedral Church St. Clement of Ohrid in Toronto.*
*To start, how are you? Happy Patron Saint Day to you and may it be celebrated for many years!*
*For our readers, I ask you to tell us about the significance of St. Clement, whose mission we are Orthodox Macedonian Christians continue to this very day.*

**Father Sasho:** Dear Sonja Lozanovska, editor-in-chief of our Macedonian Newspaper, firstly, thank you, not only for the given spot in this month's edition of the newspaper, but also for your tireless work informing our Orthodox Macedonian people about the constant activities taking place in our Macedonian community in Canada, especially the activities of our Macedonian Orthodox Churches.
Thank God, by His blessing and the intercession of our Macedonian wonderworkers, Saints Clement and Naum of Ohrid, we are all well.

*MK: As a parish priest in the church St. Clement of Ohrid in Toronto, you are fully committed to church life and you strive to inform and involve the parishioners in a series of activities. Which events, according to you, caused particular interest among believers?*
**Father Sasho**: As an "Ohrigjanec" by birth – someone who comes from the city of Saints Clement and Naum – I can't help but speak with utmost reverence toward our first hierarch. St. Clement, the Archbishop of Ohrid and miracle worker, we celebrate as the first enlightener of our country, beacon to the Macedonian people, light to Macedonia, and as founder of the Macedonian school, Macedonian education and Macedonian culture. The most gifted, the most wise in God and most fruit-bearing among the students of the equal-to-the-apostles Saints Cyril and Methodius, St. Clement was the faithful keeper and tireless propagator of their priestly covenant. As a Macedonian first-apostle, he fought against paganism, against ignorance, superstition, against polytheistic deception and the darkness of sin.
Through divine inspiration, he cleared the Macedonian spiritual integrity of weeds and in their place sowed the seeds of divine truth as a student and preacher of the faith of Christ. As an eloquent preacher he travelled towns and villages spreading the spiritual light of the Gospel, revealing examples of the heroes of the Church and her saints. With his inspired liturgical service, with insightful words of instruction, with fervent prayers, with sweet church chanting, with beautiful churches and monasteries erected and overseen by him, he attracted the people en masse to the house of God, where he conquered them with the rays of the eternal truth of the Christian faith and the beauty of church art. St. Clement is the first enlightener with his writings – with his short words through which he rose to become the "New Paul" of the Macedonian and Slavic family. We celebrate and glorify St. Clement, further, as the spiritual unifier and spiritual leader of the Macedonian people.
Continuing with confessional zeal the work of his teachers St. Cyril and Methodius, he laid the solid foundations of the spiritual and national unity of the Macedonian people and also of their national individuality. St. Clement with prophetic-messianic zeal loved his Macedonian people and with his rare perceptiveness strove to elevate them into unity. With his pastoral and educational work, as a true "warrior of God" on Macedonian land, in that decisive historical time for the independent existence and development of the Macedonian people, threatened spiritually and politically from the east and the west, St. Clement laid the unshakable foundations for the Macedonian national clergy and school, the Macedonian liturgical language and the Macedonian national literature, and with all this: the Macedonian spiritual culture.
Even today, we ourselves do not differ much from those who lived during the time when St. Clement worked and created, but today we have his bright example, how to overcome disagreements, dissensions and false "prophets", whether they were "teachers" or , again, "leaders". Every time with his cross.

**MK**: *Family Day began as one of your first initiatives upon arriving in Canada as parish priest at St. Clement of Ohrid. Today, that is the most anticipated Sunday in the month by parishioners. Why is it so special?*
**Father Sasho:** Thank you for the kind words, but it is not just me and not just at St. Clement in Toronto, rather it is all of us who have dedicated our lives to the Lord and to our Macedonian Orthodox people who are doing so. Our goal is the same, the salvation of the people entrusted to us by Christ the Lord, through our responsible bishop, Metropolitan Metodij.
Each of our encounters and each of our activities have only





one purpose, and that is the Holy Liturgy. The best religious education, the best fellowship, the best personal relationship is realized at that table of love, at that thanksgiving gathering, at the liturgy. And for us, that liturgical living and that liturgical service, to God and to the people, lasts indefinitely for us, from dawn to dusk throughout the year, because being a priest is not a profession, but a way of life. Constant self-giving to God and to our neighbours.

Though I am free and belong to no one, I have made myself a slave to everyone, to win as many as possible. To the Jews I became like a Jew, to win the Jews. To those under the law I became like one under the law (though I myself am not under the law), so as to win those under the law. To those not having the law I became like one not having the law (though I am not free from God's law but am under Christ's law), so as to win those not having the law. To the weak I became weak, to win the weak. I have become all things to all people so that by all possible means I might save some. (1 Cor 9:19-22).

So do we priests. Everything we do, we do to bring Christ closer to every person. Therefore, every Bible study class, every group blood donation, every coffee had, every movie watched, every song listened to, every bike ride, basketball or soccer game, has only one goal, to bring those people to church and so that they give themselves the opportunity to see and taste the Lord.

**MK:** *Father Celeski, we can freely speak about how your work bridges the gap between generations, bringing together the faithful from all regions of Macedonia, especially those who are second or third generation Macedonians born in Canada. Why is it so important as Macedonians today, and for future generations, to be together in the church?*

**Father Sasho:** The church is the one that builds bridges and has kept us united. But it did not preserve us because of some political reasons, the Church kept us united because of love, because the Head of the Church is Love, and that is Christ God Himself. "A new command I give you: Love one another. As I have loved you, so you must love one another. By this everyone will know that you are my disciples, if you love one another." (Jn 13:34-35). If we love each other, we will love the Church, we will love the Fatherland, we will also love the Lord. And a person who loves one another always takes care of one another, always in the name of love. If we don't want to lose ourselves, and also to lose everything that our ancestors left us, we must start loving each other, and we hear this at every holy liturgy: "Let us love one another and confess with one mind".

**MK**:*As the spiritual leader in the church St. Clement, (together with Father Aleksandar Todorovski), are you satisfied with the number of parishioners that attend weekly services in the church, especially among the younger generation?*

**Father Sasho:** We should never be satisfied with what we have achieved, because that would lead us to stopping our



work and the reversal of everything we have done thus far. Instead, we should constantly be raising that bar, that standard of success, as if we are constantly moving towards higher ideals. Our ideal is not numbers, our ideal is only one, and that is the Kingdom of Heaven.
I would not like to get into percentage discussions about how many young people we have at the liturgy, but I would just answer, if anyone wants to see that ratio, not only on Family Day but also every week, come and visit us.

**M.K:***Now at the end of our interview, Father Celeski, what is your message to the readers of the newspaper "Macedonia"?*

**Father Sasho**: Dear brothers and sisters, the most important thing of all is to become good people, and a good person is one who has love for his family, for his comrades and friends, but also for all people. That means that love is most important of all. The only condition for a man to be happy is to have love in his heart. Let us nurture friendship and togetherness. Let us pray to God for each other, let us be neighbours to our God. That is the way for us to become close to one another, to our parents, to our brothers and sisters. We will have love not only for those who love us, but also for those who hate us.
May God bless you and have an easy and God-pleasing Christmas fast.
Thank you for your time.

***Translated from Macedonian, Christian Rostankovski-Vice President of the MOC St. Clement of Ohrid, Toronto.***







Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Марко
Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада. Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски
Панде




ZORAN NICESKI
B.COMM.. SRS. ABR. RENE. BROKER
Over 20 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zniceski@trebnet.com
Re/Max All Stars Realty Inc. Brokerage, T: 905.477.0011
#1
RE/MAX
SRS
ABR
RENE Real Estate NEGOTIATION EXPERT
Platinum Club Award
Hall of Fame Award
100% Club Award




MICHAEL GEORGIEV
Partner, VP of Construction & Real Estate
CONSTRUCTION, REAL ESTATE INSURANCE & BONDING EXPERT
michaelg@jdimi.com
647.501.2615
JONESDESLAURIERS
NAVACORD




MAK General Contracting
INFO@MAKGENERALCONTRACTING.COM
DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
EXCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDING
DOORS AND WINDOWS
COMMERCIAL RENOVATION
RESIDENTIAL RENOVATION
INDUSTRIAL RENOVATION
PROPERTY MAINTENACE
COMMERCIAL
RESIDENTIAL

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



МУЗИЧКА ГРУПА СО УРЕДНИЧКАТА НА ВЕСНИКОТ | РЕКА ВО СИБИР | ТРКАЛЕЗНИ ПАРЧИЊА СВАРЕНО ТЕСТО, КНЕДЛИ | ВИД ПАПАГАЛ | Ш | ПРИПАДНИК НА ИСЛАМСКА ГРУПА / ЧУВСТВА | А | ПОКРАИНА ВО СЕВЕРНА ИРСКА / КУРЗИВ | ПРЕДЛОГ: ВНАТРЕ | "ЕНЕРГЕТСКО ИНДУСТРИСКИ КОМБИНАТ" | Т | УЧЕСНИК ВО ТРКА / НЕЗДРАВА СОСТОЈБА | В | СРЕЌНИ, РАДОСНИ / НЕУТРОН | ВИКИНШКИ БРОД (МН.)

С

ПРЕТСЕД. НА ЦРКОВНА УПРАВА НА СВЕТИ КЛИМЕНТ | РАДИКАЛ / ЧЕВЛАРСКИ ПРИБОР

СПОКОЈ, СМИРЕНОСТ | ГЕОМЕТРИСКИ ПОИМ / МАЧЕНИЦА "ОГНЕНА МАРИЈА" | ЦРНОМУРНА / НАЈВИСОК МУСЛИМ. СВЕШТЕНИК (МН.)

МАКЕДОНСКА КАТЕДРАЛНА ЦРКВА ВО ТОРОНТО | С | К | ГРЕГОРИЈАНСКИ КРИСМАС / ВИД СПОРТ | ТРУП, СНАГА (МН.) / СЕВЕР | ТВРДО ЖЕЛЕЗО / КАНАЛ ЗА ЗАЛИВАЊЕ ВО АЗИЈА

НА ОВОЈ НАЧИН / СТРУЕЊЕ НА ВОЗДУХОТ, ВЕТЕР | ПРОВИНЦИЈА НА СТАРОРИМСКАТА ИМПЕРИЈА | ЈАЧИНА / МИНЕРАЛ ПРОНАЈДЕН ВО ПУСТИНА АТАКАМА

В | К | "ОРЕГОН" / ГОЛЕМА ГОЗБА



АРТИСТКАТА СПЕЛИНГ | МЕРКА ЗА ЗЛАТО / СТ. РИМСКИ ПИСАТЕЛ ЛИВИЈ | ПОНД / МЛАДО ОД КРАВА | ПРЕТСЕД. НА ЖЕНСКА СЕКЦИЈА СВ. ИЛИЈА, МИСИСАГА | И

М | В | УЧИТЕЛКА ВО СВ. КЛИМЕНТ, ТОРОНТО

ИТАЛИЈАН. ФУДБАЛСКИ КЛУБ / ЖЕНСКО ИМЕ | ЕДЕН ГРАМАТИЧКИ ПАДЕЖ / ЛУМЕН | ЕСТОНСКИ ШАХИСТ ПАУЛ / ЖЕНСКО ИМЕ

Е | АВТОМОБИЛСКО СВЕТЛО | НОСАЧ, СЛУГА | СЛАВИЦА НИКОЛОВСКА / МЕРКА ЗА ЕЛ. ОТПОР

ШПАНСКИ ФУДБАЛСКИ КЛУБ / ИВАН КАРАЏАК | ФЛУОР / КОСКЕН ОРГАН ВО УСТАТА | РЕОМИР | МАКЕДОН. ПЕНЗИОНЕРСКО ДРУШТВО ВО КАНАДА | В | ПРЕВЕЗ, ФЕРЕЏЕ / ЕРНЕСТО ГЕВАРА (ПРЕКАР) | В | ФУДБАЛСКИ ТРЕНЕР ДИЕГО / НАТРИУМ

НАША РОК ГРУПА / ГРАД ВО МАКЕДОНИЈА | ДЕЦА ВО УЧИЛИШТЕ / ВИД ПАПАГАЛ | СОПРУГ / ПРВАК, ШАМПИОН (МН.)

Д | СТРАНСКО ЖЕНСКО ИМЕ / РАСКОШ | "АЛБАНСКА ТЕЛЕГРАФСКА АГЕНЦИЈА" | ТОМЕ АРСОВСКИ / ДЕЛО, ПРОИЗВОД

"НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНА БОРБА" | ДЕЛ ОД ТЕЛОТО / ПЛАНИНА КАЈ КАСПИСКО ЕЗЕРО | ОЖНЕАНО ПОЛЕ, СТРНИШТЕ



ТЕОДОР ЖЕРИКО / ЖЕНА КОЈА ДОИ | ФРАНЦУСКА БАЛЕРИНА МАРИЈА / ЛИТАР | А | ПОКАЗНА ЗАМЕНКА

Д | ИТАЛИЈА / ВЕШТ, ЛУКАВ | АМЕРИКАНСКИ АРТИСТ ЏОН

"ХОКЕАРСКИ КЛУБ" | УГЛЕД, РЕПУТАЦИЈА / МЕМОРИРАЊЕ, СЕКАВАЊЕ | Т

РАДИУС / КРИВИЦА, КАБАЕТ | РЕКА ВО РОМАНИЈА / РАСКАЖУВАЊЕ | ЗАПАЛКА ЗА МИНА (МН.) | ЕКС ЈУ ФУДБАЛЕР ТИРНАНИК (ПРЕКАР) | СВЕТСКА МАРКА ЕЛЕКТРИЧНИ УРЕДИ / СТРУМИЦА

В | КАНЦЕР / ПРАВЕДНОСТ (ТУР.) | НАПРАВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БРОД / КИЧЕВО | К | АЛКОХОЛЕН ПИЈАЛАК СО МИРИС НА МЕНТА | П | ПРОСТ БРОЈ / ВИД ЧЕТИНАР | ФУДБАЛЕРОТ МИЛОШЕВИЌ / СПИС, ДОКУМЕНТ

ОТМЕНА ГОСПОЃА | ЕДЕН СПОРТИСТ / МЕРКА ЗА ЗЕМЈИШТЕ (МН.) | СТАНКО ВРАЈ / АРТИСТОТ ПАЧИНО

ДЕН ВО НЕДЕЛАТА | СРЕДСТВО ЗА ПОВИСОКА ТЕМПЕРАТУРА / КАЛИУМ | ПЕЈАЧОТ РАХИМОВСКИ / АМПЕР

ЈАРБОЛ (МН.) | МАНГАН / ВИНО ОД 'РЖ КАЈ СТАРИТЕ ЕГИПЌАНИ | ГРАД ВО СРБИЈА / ОПЕРСКАТА ПЕЈАЧКА СУМАК

Ж | СТАР НОМАДСКИ НАРОД / СЛАВКО НИНОВ



ЛУЃЕ КОИ ЖИВЕАТ НА ЕДНО МЕСТО | УКИТ, СКРЕЖ / СЕВЕР | ЕДНА СКИЈАЧКА ДИСЦИПЛИНА / ИСТОК

МАКЕДОНСКА ЦРКВА ВО ВИНДЗОР, ОНТАРИО

**РЕШЕНИЕ:** СОЊА И ОЛИВЕР БЕНД, БОРИС СТОИКОС, Р, КАТЕТА, КАЛЕША, МИР, ТЕЛА, ЧЕЛИК, ВАКА, АСИРИЈА, СИЛА, ВЕТАР, КАРАТ, ОР, ТОРИ, ТИТ, П, И, МИЛАН, ВОЛАТИВ, КИТА, Л, КЕРЕС, ЕЛЧЕ, АМАЛ, СН, ИК, Ф, СИМЕОНЕ, МИЗАР, УЧЕНИЦИ, МАЖ, ДЕБАР, АДЕЛА, АТА, ТА, НОБ, ГРБ, СТРН, ТЖ, АЛАР, И, ВОЈТ, ХК, ИМИЦ, ТИРКЕ, Р, ПРУТ, БОШ, ВИНА, РАК, САВО, ДАМА, РАКОМЕТАР, СВ, СРЕДА, ПИРЕТИК, АКИ, КАТАРКИ, МН, СТАЛАЌ, ЖИТЕЛИ, СКИТИ, ИЊЕ, СЛАЛОМ, СВЕТИ НИКОЛА

# LOFRANCO CORRIERO
PERSONAL INJURY LAWYERS



## SADO MEMETI
CLIENT SERVICES

**Dir: 416-618-5526**
**Fax: 416-223-3404**

425 Britannia Rd East, Unit 122
Mississauga, Ontario L4Z 3E7
sado@lofrancolawyers.com

5255 Yonge Street, suite 200
North York, Ontario M2N 6P4
www.lofrancolawyers.com



**Call Sado if you have a serious personal injuries or injuries from car accidents.**
Адвокатската канцеларија ќе ви помогне при сериозни лични повреди и повреди здобиени во сообраќајни незгоди.
LANGUAGES SPOKEN :
English, Macedonian, Serbian, Croatian, Bosnian, Albanian
**Садо течно зборува македонски**, српски, хрватски, босански и албански јазик.

AUTO SALES
ALEXANDER THE GREAT INC.
THE WHEELS TO CONQUER YOUR JOB

# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

### Address
### 2695 Durante Way, Milton, ON, L9T 5J1

## Sales: 833-216-1270

Hours of Operation

| | |
|---|---|
| Monday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Tuesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Wednesday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Thursday | 9:00 AM to 6:00 PM |
| Friday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Saturday | 9:00 AM to 5:00 PM |
| Sunday | Closed |






# Pearl White

Dental Hygiene Clinic

Your Dental Hygienist: Atina Gorgiev RDH

☆ Macedonian Senior Teeth Cleaning Special $99

☆ Teeth Whitening Special $129

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3

MERRY Christmas & HAPPY New Year






ROYAL LEPAGE Signature Realty
IND. OWNED & OPERATED BROKERAGE

# MAYA MIKAROVSKA

Sales Representative

647.459.4637

Maya@YourTOrealtor.ca

**Ensuring hassle-free real estate transactions:**

- Free home staging
- Free professional photography
- Reno/home design consultation
- Outstanding service, commitment to excellence

*Let's achieve your real estate goals. Contact me today for a confidential, no obligation consultation.*




# Dr. Elizabeth Dimovski

**Family Dental Office**

## Home of the FREE Custom Mouth Guard

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

# 905-458-6620




# ПРАЗНИЧНИ ПОДГОТОВКИ ВО ЧЕСТ НА ПАТРОНИОТ ДЕН НА ЦРКВАТА СВЕТИ НИКОЛА, 19-ТИ ДЕКЕМВРИ



Периодот што измина беше исполнет со многу активности и подготовки за празниците што следат. Во месец ноември се одржа свечениот ручек кој што го организираат старосните пензионери на нашата заедница. Претседателката Вера Најдовска искажа јавна благодарност до оваа група на членови за нивната постојана поддршка на заедницата и за нивните досегашни остварувања. Особена благодарност изрази, до членовите на пензионерското друштво кои што секојдневно се собираат во центарот и се секогаш спремни за помош во центарот.

На 22 ноември во нашата Црква се служеше Акатист на Св..Нектариј Егински со принос на Петолебие за здравје. Акатистната служба беше збогатена со сослужувањето на свештеникот отец Марко Димич од Српската Православна Црква Св.Петка во Лејкшор. Истата вечер по службата имавме и проекција на познатиот филм – Човек Божји, биографски филм за животот и делото на Св.Нектариј. Настанот беше посетен од многу луѓе кои позитивно реагираа и беа емотивно допрени од филмската содржина.

Момент кој што може да се потенцира во овој период е подготовките за претстојните празници. Затоа како Македонска православна црква и заедница ги повикуваме сите заеднички да земат учество во Црковните служби и културни настани коишто претстојат и се организираат во нашата заедница. Од нив ги издвојуваме Св. Климент Охридски на 03 декември со свечен ручек, 17 декември - недела во чест на Свети Никола (Патрониот празник) со свечен ручек, 29 декември Фамилијарна ноќ со забава и содржини за децата, 19 Декември - Литургија во чест на патронот на нашата црква Св. Никола.

Нека празничните денови ни бидат исполнети со радост, мир, љубов и истите да се вселат и во нашите домови и срца.






















# ПАТРИОТСКИОТ ВОЗНЕС НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ДИЈАСПОРАТА (8)

Како највлијателен македонски преродбеник дефинитивно се смета Крсте Мисирков. Тој во 1903 година во Софија , Бугарија ќе ја издаде својата фундаментална книга за "Македонските работи". Во книгата Мисирков се обидува на мошне детален начин да ги образложи филозовските основи на модерниот македонски идентитет дека македонецот иако е сроден или сличен со бугаринот и србинот, тој сепак е посебен, и ќе треба да се бори за неговата посебност. Тој објаснува дека училиштата на соседните држави треба да се заменат со македонски училишта во кои ќе се предава на македонски јазик и ќе се учи македонска историја. Кон крајот од својот живот Мисирков го открива и потврдува своето самосознание, а тоа ќе го направи во последниот текст "самоопределувањето на македонците", објавен во весникот "Лиер " на 25 март 1925 година. Во кој вели: "свеста и чувството дека сум македонец треба да стојат повисоко од се друго на светот".

Една ваква промисла одекна како молскавица кај бугарските фактори, посебно од човек кој моментално живее во нивната земја. Сите оние кои на било каков начин се нашле во Бугарската држава, бугарите ги сметаат како за Бугари независно од која земја дошле. Таков е бугарскиот менталитет со егоистички пристап. Од Бугарија гледаме само едно лицемерно пријателство ништо друго, и многудецениска асимилаторска политика за обезличување на македонските основни карактеристики.

Според Мисирков: "Македонецот не треба да се слева и да се обезличува живеејќи меѓу бугари и срби. Ние можеме да ја констатираме блискоста на српските, бугарските и македонските интереси, но се' треба да биде оценувано од македонско гледиште".

На 30 јануари 1925 година Крсте Мисирков во весникот "Илинден" во Софија една година пред неговата смрт ќе напише: " И во Бугарија и во Србија треба да помнат едно, дека во Македонија има население со огнено патриотско чувство и со определена национална свест за која треба да се води точна сметка и да се исползува разумно за доброто како на самото месно население, така исто и за доброто на словенските држави во кои што живеат Македонците и уште во интерес на југословенската солидарност.

Србите и Бугарите треба добро да помнат дека тоа национално чувство и свест кај Македонците постои не од вчера, како што си мислат Србите , од времето на основањето на Егзархијата, туку од пред основањето на Охридската архиепископија , во целото време на постоењето на последнава и по нејзиното уништување и до денешен ден.

Македонското национално чувство и национално сознание е толку старо , колку и бугарското и српското, и бидејќи не е создадено од Егзархијата за 40 – 50 години, исто така не може да биде уништено со 40 – 50 годишен српски асимилаторски режим.

Трново , Охрид и Пеќ постоеле со векови како независни и рамноправни културни центри. Правата на Охридската архиепископија, односно на македонското национално чувство и македонското национално сознание биле признати и почитувани од бугарските цареви и од српскиот Стефан Душан Силни и Македонците беа најлојални граѓани во тие држави. Нашата независна македонска научна мисла, заедно со нашето економско соземање, ќе ни го гарантираат она место сред балканските Словени, на кое ние со нашите душевни заложби и морални квалитети имаме полно право. Македонецот е закален во борбата. Ако кон борбата со оружје се додаде и борбата преку независната македонска научна мисла и ако последнава стане се поинтензивна, Македонија не е изгубена и Македонците ќе успеат во својот историски долг да ги помират Бугарите и Србите во интерес на целото јужно словенство".

Крваво и жално е македонското чекорење за да го достигнеме местото од каде се оформил нашиот зародиш, тој наш светлосен народски белег, толку светол, толку мил, и толку оспоруван, омаловажуван, потценет, навреден, дискриминиран... и сето тоа поради некои свои карактеристики што не и парираат на нашите соседи. Ако од нашите солзи може да се изградат скали тие ќе бидат највисоките со кои ќе можеме да го достигнеме крајот на небото, така чекорејќи по нив, со солзите можат да се изградат и најдолгите патеки на светот што ќе немаат крај, дури и да се обојат со крвта на нашите синови и ќерки кои гинеле и гинеле не жалејќи го нивниот живот за остварување на вековниот македонски идеал кој постојано свети, а само Господ може да го изгасни никој друг.

Таа судбина наликуваше како утринска надеж, иако не се очекуваше дека некогаш ќе дојде , но од се поголема е доблеста од што ќе расцвета мигот кој треба да не однесе до македонската биднина. И тој некогашен расцут, расцветот кој блескаше пред сите патчиња на оние на жртвениците за македонштината, тие гордо чекореа пред надежда дека само еден ден и еден ден, на тој ден кога погледот се гинел во мрачната шума каде се чувале сите тајни, може да блесне и да ги расветли оние македонски вековно поцрнети души. Никој , ама апсолутно никој, ни едно живо човечко суштество на светот не може да стави препрека или граница на она што за нас е многу значајно и за нашата биднина, од вчера, денес и утре од каде што изгрејна нашата постоеност за да ја претвори во потоп за на век изгубена. И пак, и тогаш и денес па и утре , чекор по чекор ќе ја совладаме наметнатата небиднина за да стигнеме до иднината, не онаа сонуваната туку онаа заслужената што ја бодреа силите на мајките македонски, затоа што денес новите синови и ќерки имаат каменето срце и храброст, само ќе треба една мала искра, една светилка за да се соборат сите илузии што ни ги пласираат нашите непријатели. И тоа ќе се случи само со задоцнето темпо , но ќе се случи, сигурно дека ќе се случи, во едно време кога ќе се создадат услови за тоа. Можеби ќе ги чекаме и оние моменти во постјугословенското време , како беше онаа што ја пеевме, не се сеќавам точно ...ко челик сме ние...карпошова слоба тече во нашите жили, младината наша ко чекан е свит... И денешната наша младина спремна е да го преземе водечкиот пат само како прво ќе треба да се ослободи од таа Европска еуфорија. Ако некој се стреми да се постигне она што најмногу го сакаме и што е најпотребно за нашата земја, треба заеднички да делуваме, обединети и единствени, оти нашето свето дело ние заедничко и подеднакво го цениме.

Познатиот британски писател, Лајв Стејпелс Луис , кој имаше академски позиции во англиската литература и над 30-на напишани книги, еднаш рече: " Не можете да се вратите и да го смените почетокот, но можете да започнете таму каде што сте и да го смените крајот".

Нашите политичари денес во Македонија се спремни да го сменат почетокот и крајот, додека не е така со македонските иселеници кои по разни причини се нашле во многу места на земјината топка. Нивната единствена цел била да го задржат почетокот, а не се ни обидуваат ни да го сменат крајот, затоа што за нив крајот е завршна фаза за родната им земја Македонска. Завршница на македонската нација посакуваат нашите соседи кои што не залажуваат со некакво пријателство. Погледнете наоколу во светот, многу земји историски и политички не се согласуваат, ама на економски план имаат трговска соработка. Тоа треба да биде пример за оние земји кои задираат во нашата историја, дури сакаат и да ни ја избришат.

Патриотскиот вознес кај македонците во дијаспората се појавува (според мое мислење) во Европа со доаѓањето на Драган Богдановски некаде во 50-те години од минатиот век, а додека во Канада во 70-те години од минатиот век. Да бидам по прецизен во почетокот на 1970 година а нешто и пред тоа веќе почнува да се забележува татнежот на едно балканско движење, готово да го понесе товарот на македонското патриотско здружување. Во 1963 година група македонци во градот Монтреал, во провинцијата Квебек, ги поставуваа првите подготовки за организирање на македонско патриотско друштво. Се планираше друштвото да го носи името МОД (македонско ослободително друштво) меѓувреме требаше да се започне со публикување на македонски весник што ќе се издава под името "Вардар". За иизвесно време друштвото работеше илегално се додека не се создадат услови за да се умасови групата. Сепак до тоа не се дојде бидејќи бројот на нашите беше мал на оваа средина, и тие што беа таму ја понесоа идејата во Торонто. Некаде кон почетокот на 1965 година во оваа македонска заедница почнува да проникнува патриотскиот дух кај одредена група на македонци, така што на патриотската сцена ќе се појават така наречените "окамовци" кои ќе се обидат да постават светлосен акцент на македонскиот патриотски вознес кој треба да се воздигне на американскиот континент.

Токму оваа група "окамовци" се обидуваат да се огласат на разните лажни пропаганди што се истураат врз македонското постоење, од страна на бугарските и грчките здруженија. Покажувајќи ја родољубивоста кон својата татковина Македонија , како да не беше доволно за да се одстрани слепилото што надвиснуваше над самите македонци кој живеат во Торонто, туку без смелост тие окамовци да се наречат "кучкари" само затоа што како за симбол на ОКМ ( ослободителен комитет на Македонија) го поставиле земскиот Македонски златен лав. Сите оние тогашни свиркачи покасно сами се прогласуваат божем како за некакви " патриоти". Тоа е исто како што вели онаа народната: " на злато рѓа не се фаќа", и на сето тоа , на жалост се уште има такви.

Со сите тие негативни расположенија кај одредени македонци во македонската комуна во Торонто, "кучкарите" ќе формираат неколку патриотски здруженија со цел да го издигнат македонскиот патриотски вознес на повисоко ниво. Од првите здруженија се појавуваат следниве: ОКМ (ослободителен комитет на Македонија), МНОД (Македонско национално ослободително движење), МНРОД (Македонско национално револуционерно ослободително движење), МНСК (Македонски национален светски конгрес), МНК (Македонски национален комитет), Сите овие здруженија имаа иста и единствена цел, ослободување и обединување на Македонија во своите историски граници. Тоа секако не звучеше охрабрувачки за југословенските власти и затоа сите чекорења на активистите на овие патриотски друштва ќе бидат денонокно следени.

Подарокот за татковината е скапоценет и не многу сакаат да се жртвуваат според некои за некаква си "бесмислена идеја", но овие активисти имале поинакво смислено определување за земјата на која им служат. Во нив оддолевал патриотскиот дух и чувство, и таа раскриленост, таа вгорена љубов кон Македонија тие сакаат да ја пласираат кај поголем број македонски иселеници. Но во 60-те и 70-те години од минатиот век таа идеја, таа идеологија кај македонците не беше се уште созреана и ќе треба повеќе време за да се искорени она всадено југословенско братство и единство во кое многу од нашите и се примилкуваја.

Многу јасна беше определбата на "кучкарите", тие одржуваа протести пред сите конзуларни претставништва во Торонто и Отава , пред бугарскиот, грчкиот, и југословенскиот со барање признавање на македонските права и слободи каде што живеат Македонците. Често пати овие држави се прогласуваат како окупатори на Македонија, имајќи го во предвид Букурешкиот договор 10 август , 1913 година, наспроти тоа окамовците покрај "кучкари" тие се карактеризираат и како бугари. Стара тактика на нашите непријатели, можеш да бидеш се само македонец не. Затоа македонските патриоти во Торонто сплотени под закрилата на



МНК (Македонски национален комитет) се позасилено ќе дејствуваат на македонската кауза решени да дадат се од себе за слободата на Македонија.

ГОРНАН ЈОВАНОВСКИ

## OPINIONS OF THE READERS OF THE NEWSPAPER "MACEDONIA".

*IN THE DECEMBER ISSUE, WHICH IS THE LAST FOR THIS YEAR, WE ASK YOU:*

# WHICH EVENTS IN THE MACEDONIAN COMMUNITY IN CANADA LEFT THE STRONGEST IMPRESSION ON YOU IN THE YEAR 2023?



**Vesna Karapetrova:**

